# FOREVER

MACEDONIA
Август 2014 | Број 154










SUCCESS DAY
20 септември (сабота)
Хотел Порта
почеток 19 часот

# ЗАПОЧНА ВТОРОТО ПОЛУВРЕМЕ НА 2014-та



Честитки, Германија! Честитки и за сите кои учествуваа на Светското првенство во фудбал. Без оглед дали сте биле играч, критичар пред телевизор, страствен навивач или секој миг од првенството бил мачење за вас, нема сомнеж дека Светското првенство беше глобален спектакл. Неверојатно беше како целиот свет се собра да се натпреварува и тоа без да предизвика трајни повреди или штети. Всушност фудбалското првенство многу потсетува на Глобалното рели на Форевер, само што ние имаме среќа да го организираме својот настан секоја година!

Фудбалот е феномен и неговата светска доминација како спорт е без преседан. А што може да научиме од неговиот успех? Според мене фудбалот има шест карактеристики на кои се должи неговата огромна популарност и мислам дека може да извлечеме паралели со нашиот Форевер бизнис.



# ФОРЕВЕР

**ЕДНОСТАВЕН БИЗНИС:** кога се работи правилно, Форевер е едноставен бизнис. Зборуваме со луѓето и им ги препорачуваме производите и маркетинг планот. Нема потреба да ги украсуваме работите. Едноставно ја раскажуваме својата приказна и ги повикуваме луѓето да пробаат и тие.

**ТИМСКИ СПОРТ:** сите знаеме дека Форевер се игра тимски. Не можеш да успееш работејќи сам. Може да постигнуваш по нешто тука или таму, но вистински ќе се издигнеш само кога ќе ги инспирираш другите и ќе им помогнеш да го видат потенцијалот на Форевер.

**БЕЗ ОГРАНИЧУВАЊА:** лесно е да започнеш свој бизнис со Форевер. Финансиската инвестиција е незначителна. Доволни се желбата за напорна работа, малку производи и список со имиња.

FOREVER™

**ПОТРЕБНО Е ВЕЖБАЊЕ:** за да станеш специјалист во бизнисот, треба да вежбаш. За да си многу добар, треба напорно да работиш. Разговорите со луѓето и зачувувањето на оптимизмот и ентузијазмот се работа. Да присуствуваш на средби и обуки е работа. Да правиш една иста презентација десетици пати е работа. За да станеш шампион, треба да си спремен многу да работиш. Среќата никогаш не носела долгорочен успех во Форевер и никогаш нема да носи.

**БЕЗ ТАЈМАУТ:** паметните никогаш не се откажуваат. Од време на време може да го забавиш темпото, но никогаш не ја напушташ играта. Упорноста е клучен елемент на успехот. Ништо друго не е во состојба да го забави растежот како недоследноста.

**„ДВЕ ПОЛУВРЕМИЊА“:** секогаш има утре. Ако денес не ти оди добро, утре ќе имаш можност повторно да пробаш и да се справиш подобро. Но, исто како и кај фудбалот, има краен рок и последниот сигнал прозвучува, бонусните бодови се пресметуваат и или се квалификуваш, или не.

И така, откако прожекторите на Светското првенство згаснаа за уште четири години, а милионите гледачи се свртеа кон секојдневието, одделете момент и погледнете го календарот. Ќе забележите дека сме во второто полувреме на 2014-та. Спремни ли сте за него? Разгледајте ги резултатите до моментот и видете кои се вашите слаби и силни страни. Потрудете се да ги постигнете целите, кога на крајот на декември ќе прозвучи последниот сигнал!

Засекогаш Ваш,

Rex Maughan

Rex Maughan

Претседател и главен генерален директор на ФЛП



# ДИСЦИПЛИНА И УПОРНОСТ



Стефан и Тања Стаеви

Драги пријатели,

Можноста за развој на сопствен бизнис со Форевер без инвестиции, со докажан систем за градење на мрежа од корисници на раскошните производи на компанијата и со соработници кои како вас сакаат да бидат слободни и финансиски независни, е на располагање на секој од вас. Тешко дека некогаш ќе сретнете подостапен начин вистински да си го промените животот. Но како и во секој друг бизнис, и тука нештата не се случуваат сами по себе. Да објасниме што имаме предвид. Замислете си дека вашиот семеен бизнис е мала продавница, работилница или салон за услуги. Си замисливте? Одлично! А сега одговорете на следните прашања:

- Какво ќе биде работното време на вашиот бизнис, ако сакате тој постојано да расте? По неколку часа на месец? На седмица? На ден?
- Ќе отворите ли само кога вам ви одговара и немате друга работа, или вашите клиенти секогаш ќе знаат кога работите и ќе можат да ве посетуваат и да го развиваат вашиот бизнис?
- Дали ќе оставате различни луѓе зад штандот на својата продавница, за да ги услужат вашите клиенти, бидејќи вие редовно ќе си наоѓате друга „поважна“ работа?
- Ќе чекате ли некој друг да привлекува клиенти за вашиот бизнис?
- Ќе го одржувате својот надворешен изглед во добра состојба, или ќе се сретнувате со клиентите облечени со што и да е, бидејќи сте „слободен“ човек и за вас не важат никакви норми и принципи?
- Дали ќе ги усовршувате вештините за наоѓање на нови клиенти и комуникација со нив, или ќе сметате дека им се допаѓате, само затоа што предлагате многу добри производи, или услуги и не сакате ништо да промените во сопственото однесување?...

Списокот со прашања може да продолжи до бесконечност, но сметаме дека тие се доволни за да разберете што сакаме да кажеме. А тоа е дека секој мал, среден или голем бизнис бара МНОГУ ДИСЦИПЛИНА и УПОРНОСТ за да ги носи очекуваните резултати. Бизнисот со Форевер е достапен за секого, но не се разликува по ништо од било која друга можност, што се однесува до дисциплината и упорноста. Ако сакате да ги добивате посакуваните растечки доходи со Форевер, треба да барате нови клиенти и соработници секојдневно, секоја седмица, секој месец, без прекин. Претставувањето на производите со цел продажби и бизнис презентациите со цел спонзорирање на нови дистрибутери треба да бидат постојан дел од вашата програма исто така, како што и малата продавница треба да биде отворена по цел ден, пет дена во седмицата, секоја седмица, секој месец, за да може бројот на клиентите и дистрибутерите постојано да расте. А најубавото кај дисциплината и упорноста во мрежниот маркетинг е тоа што кога ги имате, дистрибутерите од вашата мрежа ќе ве копираат и ќе работат дисциплинирано и постојано. Независно дали е лето или зима, дали имаат повод за оправдание или не.

Помислете колку време работевте за својот бизнис со Форевер денес, вчера, оној ден, оваа или минатата седмица? Со колку нови клиенти зборувавте и на колку нови потенцијални дистрибутери направивте бизнис презентација?

Одговорете на овие прашања и тие ќе ги објаснат и вашите соодветно добри или лоши резултати. А дали ќе ги промените, зависи единствено од вас!

Ви посакуваме многу дисциплина и упорност во бизнисот со Форевер!

Засекогаш Ваши и насмевнати,
Стефан и Тања Стаеви






# FLP360

## РАСПЛАМТЕТЕ ГО СВОЈОТ БИЗНИС

Дали сте подготвени *да го распламтите својот бизнис?*

Ви ја претставуваме **ФЛП360**-најмоќната алатка на Форевер за развој на бизнисот и успешен маркетинг.

### Вашиот комплетен бизнис само со еден поглед



**Контролните екрани и извештаи** ќе ви ги даваат информациите до кои досега не сте имале пристап, ќе ви овозможат да ја следите работата на својот тим и да го опфатите целиот свој бизнис само со еден поглед.

### Целосен преглед




Целта на ФЛП360 е да го развива вашиот бизнис и да ви помогне да го следите вашиот напредок. Тој комбинира алатки за управување на односите со клиентите на лидерот **Salesforce** со сигурноста и погодноста на **Google апликациите**, за да ви даде целосен преглед на вашиот Форевер бизнис.



### Управување на односите со партнерите

Со **специјалниот модул** може ефективно да ги раководите **односите со вашите клиенти**, **кандидати и соработници**. Движете го целиот свој бизнис со помош на различни извештаи за следење на новите кандидати и планирање на активностите.



### Управување на односите со партнерите

Додадете кон сето тоа **30 гигабајти Google профил**, со **електронска пошта** со адреса **@flp.com**, до **четири вебсајта** исто во **домеинот FLP.com, книга на мечтите**, интегрирана со Pinterest, 34 различни јазици и уште многу други корисни можности. Готовите обрасци за сајтовите даваат информации за производите и бизнисот и претставуваат на интернет сè што нудите.
Замислете си дека во рака ги имате целокупните информации кои ви се потребни за управување и развој на вашиот Форевер бизнис!




Претплатете се уште денес! Влезете во личниот профил во **foreverliving.com** и кликнете врз логото на ФЛП360 лево на почетниот екран.

Претплата:
870,00 ден./мес.
9570,00 ден./год.








# VIT♂LIZE Men

Мажите од секогаш мислеле дека се посилни, тврдејќи дека само постарите лица, децата и жените имаат потреба од  дополнителни хранливи материи и додатоци. Всушност кога станува збор за тешки и одговорни работни задачи како и грижата околу семејството, мажите тоа го доживуваат доста стресно и затоа потребно е да размисуваат за додавање на природни суплементи во својот секојденвен режим на исхрана. Од  друга страна мажите мошне тешко се одлучуваат за применување на здрави диети и контрола на телесната тежина. Кога на тоа ќе ги додадете и лошите навики како што е пушењето и алкохолот, тие се соочуваат и можат да очекуваат влошена здравствена состојба и појава на разни болести.

Урбаните болести како што се срцевите заболувања, дијабетис и мозочни изливи сè повеќе ги напаѓаат помладите лица и тоа повеќето од нив се мажи. Исто така со зголемувањето на возраста кај мажите се појавуваат и проблеми со простата. Здравјето секогаш е предуслов за среќно семејство и добра кариера, затоа мажите треба  да посветат поголемо внимание на правилната исхраната.

**Прекумерното јадење -** Мажите често се хранат надвор од дома и конзумираат храна со висок процент на масти и  високо калорична храна која придонесува за зголемување на телесната тежина. Покрај тоа храната во ресторантие вообичаено е со висока содржина на сол што доведува до зголемен крвен притисок. Конзумирањете на големи количини  месо прави притисок врз бубрезите и негативно влијание како врз умствените функции, така и на целото тело.

Еден возрасен маж има потреба од 1800-2400 калоории дневно, но многу од мажите дневно можат да внесат и до 2500-3000 калории. Вишокот на калории ќе биде трансформиран во масти, а потоа истите се складираат во телото. Ова води до вишок килограми и зголемен холестерол и ги зголемува шансите за кардоваскуларни заболувања и сериозни болести. Во ваков случај на мажите им се препорачува да конзумираат што е можно помалку храна која содржи масти и шеќери, а повеќе храна која содржи моно и полинезаситени масни киселини за оптимално здравје на кардиоваскуларниот систем.

**Премногу алкохол -** Повеќето мажи сакат да се напијат повеќе за време на вечерните забави или додека гледаат фудбалски натпревар. Всушност алкохолот е високо калоричен пијалок со 7 калории на еден грам алкохол, додека една чаша со пиво содржи 150 калории. Прекумерните калории како и мастите се складираат на стомакот, затоа мажите кои се љубители на пиво вообичаено имаат големи стомаци.

**Недостаток на овошје и зеленчук -** Препорачано е луѓето да конзумираат најмалку 5 порции овошје и зеленчук дневно, но  мажите ретко го применуваат тоа. Овошјето и зеленчукот содржат диетални влакна и фитонутриенти. Диететските влакна може да создадат чувство на ситост и контрола на апсорпција на мастите. Фитонутритиентите се антиоксиданси кои го успоруваат процесот на стареење и  ги штитат клетките од токсини.

Форевер Ливинг се грижи за здравјето на мажите и затоа го промовираше додатокот на исхрана – Vit♂lize Men.

Тој содржи:маслиново масло, масло од семки од тиква, екстракт од калинка, ликопен, цинк, селен, вит. Ц, вит. Б6, вит. Д и вит.Е.

**Маслиновото масло** содржи мононезаситени масни киселини, витамин Е и антиоксиданси како полифенол, кој може да ја спречи оксидацијата на лошиот холестерол, го регулира метаболизмот и помага за кардиоваскуларниот систем.

**Маслото од семки од тиква** е богато со омега 3 масни киселини, фитостерол, витамини, аминокиселини и минарали. Фитостеролот помага во одржувањето на здрав кардиоваскуларен систем. Високото присуство на цинк е од големо значење за заштита на простатата. Студиите исто така покажуваат дека семките од тиква може да го намалат хормонското оштетување на простатата, со што се намалува ризикот од појава на тешки заболувања на истата.

**Екстрактот од калинка** е богат со витамини од В комплексот, С, Е, К, калиум, фосфор, магнезиум и полифенол. Нејзината антиоксидантна моќ е три пати појака од виното или зелениот чај. Фитонутриентите: антоцианин и елагична киселина ја штитат ДНК, ги зајакнуваат кардоваскуларните и имунолошките функции, а исто така помагаат за смирување на организмот и намалување на стресот. Екстрактот од калинка е докажан во спречување на мутација на клетките од простатата.

**Ликопенот** е силен антиоксиданс и најјакиот каротеноид. Со својата антиоксидантна моќ е два пати и сто пати посилен од бета каротинот и витаминот Е. Ликопенот може да ги заштити лимфните клетки од оштетување од слободните радикали и да помогне во подобрување на здравјето на срцето. Потребното ниво на ликопен за одржување на здравјето на простатата е на доста високо ниво во споредба со другите органи. Тоа изнесува до 64% и затоа нивото на ликопен е толку важно и е во тесна врска со заболувањата на простатата.

**Цинкот** не само што има важна улога во машкиот репродуктивен систем, тој исто така е од витално значење за развојот на повеќе од 200 физиолошки системи, меѓу кои се и хормоните во телото. Цинкот го регулира метаболизмот на тестостеронот во внатрешноста на простатата и помага во превенција на болестите кај неа. Доколку телото има дефицит на цинк, во тој случај ќе има помалку тестостерон и сперма.

**Селенот** е ефективен антиоксиданс и отстранувач на слободните радикали.

Селенот и вит. Е меѓусебно се надополнуваат, го забавуваат процесот на стареење и помагаат во одржување на еластичноста на ткивата. Мажите имаат потреба од апсорпција на повеќе селен, бидејќи тој ја поттикнува активноста на спермата и е во тесна врска со превенцијата од неколку болести на простатата.

**Витаминот Ц** го спречува воспалението, го зголемува имунитетот и штити од кардиоваскуларни заболувања. Исто така ја помага секрецијата на анти-стрес хормонот кортизол.

**Витаминот Б6** помага во создавањето на црвени крвни зрнца, хормони, ензими и антибиотици, исто така го олеснува метаболизмот на протеини, маснотии и јаглехидрати. Тој исто така го подржува создавањето на серотонинот (невротрансмитер), кој го регулира расположението и ослободува од депресија.

**Витаминот Д** помага за подобра апсорпција на калциумот и фосфорот, помага во растот на забите и коските, во одржувањето на здрави зглобови, срце, простата и нивото на шеќерот во крвта. Недостатокот од овој витамин резултира со рахитис, како и деформации на забите и коските.

**Витаминот Е** е моќен антиоксиданс кој го спречува формирањето на антиоксидантни масти во телото. Тој исто така прави одбранбен систем од аерозагадувањето и ги штити белите дробови.






# КВАЛИФИКАЦИИ ЗА ЈУЛИ 2014 ГОДИНА

## АСИСТЕНТ СУПЕРВИЗОРИ

1. Арсови Златко и Благородна- Скопје
2. Арсова Борјанка – Свети Николе
3. Балабанова Тања – Штип
4. Величковски Катерина и Стефан – Куманово
5. Евросимовски Тања и Михајло – Скопје
6. Јакимовски Ненад – Куманово
7. Китановска Александра – Куманово
8. Милеви Јорданчо и Гордана – Штип
9. Муладаути Албулена и Валон – Скопје
10. Наневска Костова Билјана и Костов Тони – Скопје
11. Поповиќ Виолета – Скопје
12. Симјановска Јасмина – Скопје
13. Станишковски Александра и Марјан – Куманово
14. Степаноска Виолета – Скопје
15. Стојанова Александра – Скопје
16. Тушевска Ивана – Куманово
17. Цидрова др.Елизабета и Никола – Штип
18. Чадиковска Љупка – Скопје
19. Шишкова Гајдарџиска Дијана – Штип

## ТОП **10**

### ВКУПЕН ОБЕМ

1. Др. Роза Гелевска
2. Славица Донакова
3. Др.Снежана Контра
4. Блага Крстеска
5. Слафко Михајловски
6. Катерина Трајчевска
7. Вера Златковска
8. Дончо Ѓорѓиев
9. Валентина Крмова
10. Елена Патриклиска

### НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ

1. Др.Роза Гелевска
2. Дончо Ѓорѓиев
3. Вера Златковска
4. Славица Донакова
5. Валентина Крмова
6. Елена Патриклиска
7. Др.Снежана Контра
8. Костадинка Шопова
9. Стевица Димовска
10. Слафко Михајловски

## ПРОМОЦИЈА!

За купени 4 FAB производи добивате 6.




## ПРОМОЦИЈА!

Секој Дистрибутер и Ас.Супервизор кој ќе има порачки во вкупна вредност од најмалку 1 бод на личен код во август добива маица Форевер.

Секој Супервизор, Ас.Менаџер и Менаџер кој ќе има порачки во вкупна вредност од најмалку 2 бода на личен код во август добива маица Форевер.

Напомена**: следува само по 1 маица на 1 дистрибутерски код, независно од бројот на бодови на личниот код.**

Количините се ограничени!



**Алое ден во Струмица**
**22.08.2014 - петок**
**Хотел Глигоров**
**почеток - 20 часот**
**Ве очекуваме!**

**Алое ден во Берово**
**23.08.2014 - сабота**
**Хотел Манастир**
**почеток - 19 часот**
**Ве очекуваме!**

**Следете нè на facebook Flp Macedonia за да бидете во тек со актуелните Алое денови и настани.**

## ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА

**Како да порачате:**

Едноставно јавете се на телефон 02/ 2465846 и кажете го вашиот дистрибутерски број и производите кои ги порачувате. Следниот ден ја добивате порачката на домашна адреса. Порачката ја плаќате во готово на доставувачот.
Трошоци за достава се следни:
- До 5 кг плаќате 210 ден за услугата достава до вашиот дом.
- Над 5 кг плаќате 260 ден за услугата достава до вашиот дом.

**FOREVER LIVING PRODUCTS - MAKEDONIJA**
**www.foreverliving.com**

бул. Јане Сандански 36, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815;
факс:+389 (0)2 2465826; e-mail:flp@t-home.mk

Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.